Врз член 586 од Законот за здружениот труд"Службен лист на СФРЈ" бр.53/76), а со цел да се обезбеди реконструкција и адаптација на куќата на Наум Веслиевски-Овчарот во с.Златари во Спомне дом на Битолско-преспанскиот НОП одред"Даме Груев" и неговиот командант Наум Веслиевски-Овчарот, Домот на културата "Драги Тозија"Ресен, Заедницата за осигурување на имоти и лица "Македонија"-филијала Ресен, склучуваат

САМОУПРАВНА СПОГОДБА

за учество во финансирањето на реконструкцијата и адаптацијата на Спомне-домот на Битолско-преспанскиот НОП одред"Даме Груев" и неговиот командант Наум Веслиевски-Овчарот во с.Златари

Член 1

Дом на културата Ресен Самоуправната интересна заедница за култура, Заедницата за осигурување на имоти и лица"Македонија"-филијала Ресен, Стопанската банка-Основна банка Ресен, Работната организација за производство преработка и промет"Агроплод" Ресен, ООЗТ"Агроплод промет" Ресен, ООЗТ"Прехранбена индустрија Ресен, ООЗТ-Овошен насад со ладилник" Ресен, ООЗТ"Живинарска фарма"Ресен, Текстилната фабрика"Преспатекс" Ресен, ООЗТ"Крзно, Ресен, ООЗТ "Хемиски влакна" Ресен, ООЗТ"Туристичка населба Отешево", Земјоделскиот комбинат"Преспанско Јаболко" Ресен, ООЗТ"Сточар" Ресен, ООЗТ"Кооперација" Ресен, ООЗТ"Агротранспорт и сервис" Ресен, ООЗТ "Преспакооп" с.Љубојно, Фабриката за сокови с.Царев-Двор, Работната организација за шуми, дрвна индустрија и пластика"Преспа" Ресен, ООЗТ"Стопанисување со шуми" Ресен, ООЗТ"Дрвна индустрија" Ресен, ООЗТ, ООЗТ"Пластика" Ресен, ДИК"Црн Бор"- ООЗТ финални преработки Ресен, Работната организација за производство, преработка и промет со риба"Рибопреспа" Ресен, Работната организација за производство и обработка на тутун"Југотутун" Ресен, ИГМ Скопје- ООЗТ"Слога" Ресен,"Електромакедонија"-ООЗТ "Светлост" Ресен, Деловната заедница за овоштарство"Македонијаплод" Ресен,"Галеб"- ООЗТ"Преспатранс Ресен, Трговската работна организација на големо и мало "Преспанско Езеро" Ресен,"Меркур-Импорт- Стоковна куќа Ресен, Угостителско-туристичката работна организација"Преспатурист"Ресен," ито Битола-

./.

-Деловна единица Ресен, Водостпанската работна организација"Водостопанство"Преспанско Езеро"Комунална работна организација"Пролетер" Ресен, Собранието на општината Ресен, Општинската конференција на СКМ-Ресен, Општинската конференција на ССРН-Ресен, Општинскиот совет на ССМ-Ресен, Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ Ресен, Општинската конференција на ССМ Ресен, Општинскиот одбор на Црвен Крст Ресен, Општинскиот одбор на месните заедници-Ресен, Самоуправната интересна за физичка култура, Самоуправната интересна заедница за непосредна детска заштита, СИЗ за становање , СИЗ за вработување, СИЗ за здравствено осигурување, СИЗ за социјална заштита, СИЗ за инвалидско и пензиско осигурување, Центарот за средно образование"Јосип Броз Тито", Центарот за основно образование, Основно училиште"Димитар Влахов"с.Љубојно, Основно училиште"Славејко Арсов" с.Подмочани, Основно училиште"Браќа Миладиновци" с.Царев-Двор, Основно училиште "Мите Богоевски"Ресен, Основно училиште"Гоце Делчев" Ресен, Центар за социјални работи Ресен, Пионерски центар"Јонче Цветковски"Ресен, "Југосуровина" Ресен, Здравствен дом Ресен, Служба за општествено книговодство експозитура Ресен, СИЗ за образование Ресен(во натамошен текст учесници во спогодбата, со оваа самоуправна спогодба го утврдуваат своето учество во финансирањето на реконструкција и адаптација на куќата на Наум Веслиевски-Овчарот со с.Златари во спомен дом на Битолско-престпанскиот НОП одред"Даме Груев" и неговиот командант Наум Веслиевски-Овчарот.

Член 2

Предмет на оваа Самоуправна спогодба е заедничкото финансирање на реконструкцијата и адаптацијата на куќата на Наум Веслиевски-Овчарот во с.Златари во Спомне дом на Битолско-преспанскиот НОП одред"Даме Груев" и неговиот командант Наум Веслиевски- Овчарот.

Вкупната вредност на работите наведени во став 1 од овој член изнесува 550.000,00 динари.

Член 3

Во обезбедувањето на вкупните средства за реконструкција и адаптација на објектот од член 2 на оваа Самоуправна спогодба, учесниците во Спогодбата се согласија деке ќе учествуваат со свои

средства и тоа во износ од ____________%.

Со обезбедувањето на средства од член 2 став 2 на оваа Самоуправна спогодба, престанува обврската од натамошно издвојување на средства од ставот 1 на овој член.

Член 4

Секој член во Спогодбата се обврзу а своето учество од член 3 став 1 на оваа Самоуправна спогодба да го уплатува во корист на посебната жиро сметка на Домот на културата-Ресен и тоа преку месечна акконтација, а конечното пресметување и уплатување да го врши во согласност со член 48 и 54 од Законот за утврдување и распоредување на вкупниот приход и на доходот("Службен лист на СФРЈ" бр. 63/8о, 13/82, 28/83, 9/84 и 15/82.

Член 5

Учесниците во Спогодбата се спогодија контрола над издвојувањето односно уплатувањето на средствата од член 3 став 1 на оваа Самоуправна спогодба да врши Службата за општествено книговодство-Ресен.

Член 5

Учесниците во Спогодбата се спогодија контрола над издвојувањето односно уплатувањето на средствата од член 3 став 1 на оваа Самоуправна спогодба да врши Службата за општествено книговодство Ресен.

Член 6

Сите учесници во Спогодбата ќе бидат снабдени со соответни материјали во врска со реконструкцијата и адаптацијата на објектот од член 2 став 1 на оваа самоуправна спогодба.

Член 7

Заради спроведување на оваа самоуправна спогодба, учесниците во Спогодбата се согласија да се формира заедничка комисија составена од 7 членови, од кои по еден член именуваат(делегираат): Домот на култура Ресен, Стопанска банка-Основна банка Ресен, РО"Агроплод"-Ресен, фабрика"Преспатекс" Ресен, ЗК"Преспанско Јаболко" Ресен ,РО"Преспа" и РО"Југотутун" Ресен.

Претседателот и заменикот на претседателот на Комисијата се избираат од редот на нејзините членови.

./.

Претседателот и заменикот на претседателот на Комисијата се избираат од редот на нејзините членови.

Член 8

Заедничката комисија ке го следи спроведувањето на оваа самоуправна спогодба и најмалку еднаш годишно ке ги известува учесниците во Спогодбата за преземање на соодветни мерки за реализација на обврските што произлегуваат од неа.

Член 9

Учесниците во Спогодбата се спогодија административно-техничките работи на Заедничката комисија да ги врши Домот на културата Ресен.

Член 1о

Се овластува инвеститорот Домот на културата да може да склучува соодветни договори во врска со реконструкцијата и адаптацијата на објектот во смисла на оваа Самоуправна спогодба.

Член 11

Споровите во врска со извршување на обврските од оваа самоуправна спогодба ке ги решава Арбитражна комисија составена од 5 членови, од кои по еден член именуваат(делегираат): Домот на културата Ресен, Заедницата за осигурување на имоти и лица"Македонија" филијала Ресен, Фабриката за сокови с.Царев-Двор, РО"Рибопреспа" Ресен и "Електростопанство"- ООЗТ"Светлост" Ресен.

Доколку спорот не биде решен од Арбитражната комисија, за неговото решавање е надлежен основниот суд на здружениот труд Битола.

Член 12

Самоуправната спогодба во името на учесниците во Спогодбата ја склучуваат нивните овластени органи.

Самоуправната спогодба се смета за скучена со моментот на потпишувањето на истоветен текст од овластените претставници учесниците во Спогодбата.

Член 13

Учесниците во спогодбата можат вместо потпис на спогодбата да доставаат изјава за согласност до инвеститорот - Домот на културата-Ресен.

Член 14

Чувањето, одржувањето, заштитата и користењет на спомен-обележјето ке го уреди со посебен акт Домот на културата Ресен.

Член 15

Постапка за изменување и дополнување на оваа Самоуправна спогодба се покренува со писмено барање на секој од учесниците во спогодбата. Барањето се доставува до другите учесници во спогодбата и заедничката комисија.

Член 16

Оваа Самоуправна спогодба влегува во сила со денот на нејзиното склучување, а ќе се објави во"Службен гласник на општината Ресен".

Во Ресен,_________1984 година

ПОТПИСНИЦИ НА СПОГОДБАТА

1. Дом на културата"Драги Тозија"-Ресен_______________
2. Заедница за осигурување на имоти и лица"Македонија"филијала Ресен................................_______________
3.Стопанска банка-основна банка Ресен,_______________
4.Работна организација за производство,преработка и промет "Агроплод"-Ресен....................._______________
5.ООЗТ"Агроплод промет Ресен.........._______________
6.ООЗТ"Прехранбена индустрија Ресен...._______________
7.ООЗТ-Овошен насад со ладилник"Ресен _______________
8.ООЗТ"Живинарска фарма"Ресен.........._______________
9.ООЗТ"Крзно"Ресен...................._______________
10.ООЗТ"Хемиски влакна" Ресен.........._______________
11.ООЗТ"Туристичка н селба Отешево"...._______________
12.Земјоделски комбинат"Преспанско Јаболко" Ресен..._______________
13.ООЗТ"Сточар" Ресен, ООЗТ"Кооперации а" Ресен_______________
14.ООЗТ"Агротранспорт и сервис" Ресен........_______________

15.ООЗТ"Преспакооп" с.Љубојно.................. ____________

16.Фабрика за сокови с.Ц.Двор................. ____________

17.Работна организација за шуми, дрвна индустрија и пластика"Преспа"Ресен............... ____________

18.ООЗТ"Стопанисување со шуми"Ресен.......... ____________

19.ООЗТ"Дрвна индустрија"Ресен............... ____________

20.ООЗТ"Пластика"Ресен...................... ____________

21.ДИК"Црн Бор"-ООЗТ финални преработки Ресен ____________

22.Работна организација за производство...... ____________
преработка и промет со риба"Рибопреспа"-Ресен

23.Работна организација за производство и обработка на"Југотутун"-Ресен......................____________

24.ИГМ Скопје-ООЗТ"Слога"Ресен................____________

25.Електромакедонија ООЗТ"Светлост" Ресен .... ____________

26.Деловна заедница за овоштарство"Македонијаплод"____________

27.Галеб ООЗТ Преспатранс Ресен................. ____________

28.Трговска работна организација на големо и мало "Преспанско Езеро"-Ресен.................. ____________

29.Меркур-импорт............................. ____________

30.Самоуправна интересна заедница за култура ... ____________

31.Самоуправна интересна заедница за становање.... ____________

32.Самоуправна интересна заедница за вработување..____________

33.Самоуправна интересна заедница за непосредна детска заштита.................................____________

34.Самоуправна интересна заедница за социјална заштита____________

35.Собрание на општина Ресен....................____________

36.Општин.конференција на ССРНМ................____________

37.Општински комитет на СКМ ...................____________

38.Општински совет на ССМ-Ресен. ...............____________

39.Општински одбор на СЗБ НОВ Ресен ............____________

40.Општинска конференција на ССМ-Ресен.........____________

41.Општински одбор на Црвен крст Ресен..........____________

42.Центар за средно образование.................____________

./.

43.Центар за основно образование........ ________________________

44.ОУ"Мите Богоевски" Ресен............ ________________________

45.ОУ"Гоце Делчев" Ресен................ ________________________

46.ОУ.Царев-Двор........................ ________________________

47.ОУ "Димитар Влахов" с.Љубојно........ ________________________

48.ОУ"Славејко Арсов"с.Подмочани........ ________________________

49.Центар за социјални работи........... ________________________